# СОДРЖИНА

*ДАНОК НА ДОБИВКА*

- **Измени кај данокот на добивка.........................................5**

*НАДОМЕСТОЦИ*

- **Пресметка на надоместок на плата за привремена спреченост на работа (боледување)...............13**

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- **Закон за вработување и работа на странци.......................41**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Октомври 2023 година….......…..................51**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Септември 2023 година ................71**
- **Коефициент на пораст на цените за Септември 2023 година ..................................................72**
- **Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 31.12.2023 година.............................................74**
- **Цени на гориво…………………..…………………………………………76**
- **Курсни листи ..................................................................79**
- **Рокови за поднесување во Октомври 2023 година ............92**

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*.........................................94**

**СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2023**

**10**

# ДАНОК НА ДОБИВКА

дипл.економист: Ромео Костадинов

## ИЗМЕНИ КАЈ ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

***Пресметувањето и плаќањето на данокот на добивка за 2023 година останува во рамките на ДБ на непризнаени расходи и ДБ-ВП на вкупен приход, со непроменети маргини на ДД со нула% до 3 милиони МКД и 1% од 3 - 6 милиони МКД остварен вкупен приход.***

### ВОВЕД

Со одредбите од Законот за данокот на добивка („Службен весник на РМ” 112/14 … 248/18 и „Службен весник на РСМ” 232/19 … 151/21), се пропишува обврската за пресметување и плаќање на данокот на добивка.

Истовремено со пакетот на даночни реформи, за ДДВ, беа објавени и измените кај Законот за данокот на добивка, („Службен весник на РСМ” 199/23).

Измените од есенскиот реформски пакет, во даночната сфера, кои се однесуваа на данокот на добивка се променети, но дел од тогашните предлог измени, се содржани во усвоениот закон од 25.09.2023 година.

Покрај измените на постоечкиот закон за данок на добивка “ во пакет се донесоа и измените на новиот Закон за оданочување на “екстра-профитот”, со кој покрај данок на добивка од 10%, селективно ќе се пресметува и плаќа и данок на екстра профитот, по стапка од 30%.

Последните измени на Законот за данок на добивка опфаќаат намалувања на ослободувањата од данок на добивка, преку проширување на масата на даночно непризнатите расходи, измени во делот на поднесување на извештајот за трансферни цени и зголемени даноци, доколку се користеле даночни олеснувања без да бидат исполнети условите.

Со Законот се усвоија и одредби кои се однесуваат на поднесување и извештај за трансакции со поврзани субјекти и за 2022 година, како и обврски за утврдување и плаќање на данокот на добивка, од донациите во спортот, доколку се утврди престанување на условите за даночното ослободување.

## *1. НОВИ ДАНОЧНО НЕПРИЗНАТИ РАСХОДИ ВО 2024 ГОДИНА*

Со одредбите од член 9 од Законот за данокот на добивка, се определени параметрите за утврдување на даночно непризнатите расходи, кои се вклучуваат и ја зголемуваат основицата за данокот на добивка.

Со измените на законот за данокот на добивка, се усвоија проширувањата на листите за даночно непризнати расходи, со расходи, кои порано беа иземени од оданочување.

Новододадени даночно непризнати расходи, со измените на законот за данок на добивка, во примена од 01.01.2024 година се:

- трошоци по основ на уплатени премии за осигурување на живот, над износот од две просечни месечни бруто плати, исплатени во претходната година во Република Македонија, на годишно ниво по вработен;
- трошоците за донации во спортот, согласно со членот 30-а од законот;

Со измените, отпочнувајќи од 2023 година, на корекција во Образец "ДБ" ќе подлежат и премиите за животно осигурување и во делот од претходно ослободените премии за животно осигурување од две просечни плати.

Исто така и за донациите во спортот, согласно претходно пропишаната постапка за ваучер системот, која се укинува со предлог измените, донациите во спортот се изедначуваат со донациите во јавен сектор.

За донациите во спортот од 2024 година, ослободувањето ќе се применува согласно постапката за стекнување на право на ослободување по основ на Решение од Министерството за правда и поднесени Обрасци до УЈП, преку УЈП-ИДС/ДВ и УЈП-ИДС-ПР.

Донациите во спорт во 2023 година остануваат под системот на ваучер даночно признати расходи.

## *2. ПРОМЕНИ КАЈ ИЗВЕШТАИТЕ ЗА ТРАНСФЕРНИ ЦЕНИ*

Согласно одредбите од член 12 од постоечкиот закон, непризнаен расход и помалку искажан приход за даночни цели е позитивната разлика меѓу цената на извршената деловна или финансиска трансакција меѓу поврзани лица (трансферната цена) и пазарната цена и тоа:

1) износот на позитивната разлика помеѓу расходите кои произлегуваат од трансакцијата по трансферната цена и расходите кои произлегуваат од таа трансакција, по цена утврдена во согласност со принципот на „дофат на рака" (arm's length principle) или

2) износот на позитивната разлика помеѓу приходите кои произлегуваат од трансакцијата по цена утврдена во согласност со принципот на „дофат на рака" и приходите кои произлегуваат од таа трансакција по трансферната цена.

Принципот „дофат на рака" подразбира дека деловните и финансиски трансакции помеѓу поврзаните лица се вршат по цени и според услови во кои тие трансакции не се разликуваат од оние помеѓу неповрзани лица во споредливи околности.

Принципот „дофат на рака" се однесува на сите трансакции помеѓу поврзани лица, вклучувајќи ги и оние кои се однесуваат на: материјален и нематеријален имот, деловни и финансиски услуги, внатрегрупациски услуги, надоместоци за авторски права, акции, деривати, други хартии од вредност, други финансиски инструменти и какви било други трансакции што можат да влијаат врз добивката или загубата на поврзаните лица.

При утврдување на цената на трансакциите во согласност со принципот „дофат на рака" се користат следниве методи:

1) метод на споредлива неконтролирана цена;

2) метод на препродажна цена;

3) метод на цена на чинење;

4) метод на трансакциска нето маржа;

5) метод на поделба на добивка;

6) кој било друг метод, доколку примената на претходно наведените методи не е соодветна.

За секоја категорија трансакции, односно група трансакции од ист вид, обврзникот го избира најсоодветниот метод за утврдување на цената на трансакцијата во согласност со принципот на „дофат на рака“.

Обврзникот е должен за трансакциите од членот 12 од законот, да изготви и да чува извештај за трансферни цени.

Обврзникот е должен, да го чува извештајот во рок од десет години од истекот на годината, за која се однесува извештајот.

Обврзникот е должен на барање на Управата за јавни приходи да и го достави извештајот, **во рок од 15 дена** од денот на приемот на барањето.

Барањето, Управата за јавни приходи може да го достави до даночниот обврзник, по истекот **на 30 дена од рокот** за поднесување на даночен биланс, утврден во член 39 од законот.

Даночните обврзници, кои изготвуваат и чуваат извештај за трансферни цени, согласно членот 12-а од законот, имаат обврска кон образецот „ДБ“- даночен биланс за оданочување на добивката, да доставаат **Прилог со податоци за трансакции меѓу поврзани лица** - П/ТЦ, со даночниот биланс за 2023 година.

### *3. РЕИНВЕСТИРАНА ДОБИВКА И КАЗНИ ЗА КОРИСТЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ПРИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ УСЛОВИ*

Најавите за укинување и модификација на постоечкото намалување на даночната основица за реинвестираната добивка, не се исполнија и реинвестираната добивка останува на сила и во 2023 година.

Даночната основа се намалува за износот на извршените вложувања од добивката од претходната година (реинвестирана добивка).

Под реинвестирана добивка се подразбираат извршените инвестициски вложувања од добивката за развојни цели, односно вложувањата во материјални средства (недвижности, постројки и опрема), вклучително и вложувањата во материјални средства набавени преку финансиски лизинг, како и во нематеријални средства (компјутерски софтвер и патенти) за проширување на дејноста на даночниот обврзник, освен вложувања во патнички автомобили, мебел, теписи, аудио визуелни средства, бела техника, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и други вложувања кои служат за административни цели.

Доколку даночниот обврзник ги оттуѓи средствата, со кои се стекнал преку реинвестирање на добивката, во рок од пет години од денот во кој е извршено инвестициското вложување, го должи данокот кој би го платил, кога не би го користел ослободувањето.

Во случај на раскинување на договорот за финансиски лизинг, даночниот обврзник го должи данокот кој би го платил кога не би го користел ослободувањето.

Доколку даночниот обврзник документирано не докаже дека даночното ослободување го искористил за вложувања во материјални средства (недвижности, постројки и опрема) и во нематеријални средства (компјутерски софтвер и патенти) за проширување на дејноста го должи петкратен износ данокот кој би го платил кога не би го користел ослободувањето.

Исто така при прекин на условите во петгодишниот рок за неотуѓување на средствата, не се поднесе образецот ДД-ДО за пресметување на данокот по основ неисполнување и прекинување на условите за даночно олеснување се воведува **петкратен износ на данок**, доколку се утврди од страна на УЈП.

Доколку даночниот обврзник **не го** утврди данокот, со **поднесување** на **Образец ДД-ДО**, го должи **во петкратен износ** данокот, кој би го платил кога не би го користел ослободувањето по основ реинвестирана добивка.

Образецот ДД-ДО се поднесува во рок од 30 дена, од денот на оттуѓувањето на средствата, за кои користел даночно ослободување, по основ на реинвестирана добивка.

### *4. УКИНУВАЊЕ НА ВАУЧЕР СИСТЕМ ЗА ДОНАЦИИ ВО СПОРТОТ*

Со законот за данокот на добивка се укинува ваучер системот за даночно ослободување од данок на добивка за донациите во спортот, почнувајќи од 01.01.2024 година.

Укинувањето на ваучер системот за примена на даночно ослободување кај донациите во спортот, не значи и прекин на ослободување по основ на донации во спортот.

Со укинување на ваучер системот, даночното ослободување за донации во спортот, дадените донации во спортот повторно се враќаат во јатото на даночни олободувања за дадени донации во јавен сектор.

Со предлог измените сите дадени донации во спортот можат да користат ослободување до 5% од вкупниот приход.

Единствен услов е исполнување на условите за донациите да се стекнат со категоризација на донација за јавен сектор.

Ослободувањето ќе се користи по преходно спроведена постапка за добивање Решение за донација од јавен карактер од Министерството за правда и поднесување на Образец УЈП-ИДС/ДВ од страна на давателот и УЈП-ИДС/ПР, од примателот на донацијата, до УЈП.

Со укинувањето на ваучер системот се укинува правото на намалување на аконтациите за 2024 година, за данокот на добивка до висина од 50% по основ на користено ослободување од данокот по годишна сметка за 2023 година.

Обврзниците кои до денот на отпочнување на примената на законот, искористиле даночно ослободување согласно членот 30-а од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија” 112/14 ... 248/18 и „Службен весник на РС Македонија” 232/19 ... 151/21), а кај кои е утврдено престанување на условите за даночното ослободување, должни се да го утврдат и платат данок на добивка врз основа на образец „ДД-ДО“, кој се доставува до Управата за јавни приходи во рок 30 дена од денот на престанување на условите за даночно ослободување.

Утврдувањето на неисполнувањето на условите за стекнување и користење на правото на ослободување од данокот по основ донации од спортот, останува на товар на давателот на донација, при што се доставува Образец ДД-ДО (истиот образец

кој се користи и при утврдвањето на неисполнување услови кај реинвестираната добивка).

Доколку даночниот обврзник доброволно не пристапи кон пресметување и плаќање на обврските за данок на добивка со поднесување на ДД-ДО, УЈП со Решение го утврдува данокот на добивка кој не е платен при неисполнување на услови за користење на ослободувањето.

### *5. ДАЛИ ВАУЧЕР СИСТЕМОТ СЕ ПРИМЕНУВА ВО 2023 ГОДИНА*

Ослободувањето од данок на добивка за 2023 година, за донации во спортот, се уште е на сила и во примена.

Врз основа на одредбите од Законот за данок на добивка, член 30-а се уште е во примена ослободувањето од данок на добивка по основ на донациите во спортот.

Наведеното ослободување се однесува и за аконтациите на данокот од добивка, кои согласно одредбите од член 40 став 3 од Законот за данок на добивка дополнително се олеснуваат со намалување на износот за плаќање на месечната аконтација.

Месечната аконтација на донаторите во спортот се намалува за 50% од пресметаниот износ на месечната аконтација, утврден од ДБ за 2022 година, но не повеќе од износот на дадената аконтација.

Намалувањето на аконтацијата отпочнува со тековниот месец, во кој е платена донацијата со ваучер системот на спортскиот клуб. Намалувањето не може да изнесува повеќе од 50% од тековната аконтација, која се плаќала пред донирањето.

### *6. ЗГОЛЕМЕНИ ОВЛАСТУВАЊА НА УЈП*

Правата утврдени со законот и/или меѓународните договори за оданочување, а кои се однесуваат на намалувања на даночната основа, даночни изземања, ослободувања од плаќање на данок или данок по задршка, намалувања на пресметаниот данок, примена на пониска даночна стапка или поинаков модел на оданочување, даночниот обврзник нема да може да ги користи за аранжман или низа на аранжмани чија главна цел или една од целите е користење на наведените даночни поволности, во случај кога аранжманите не се автентични, а имајќи ги предвид сите релевантни факти и околности кои се од значење за оданочувањето.

Како аранжман од ставот 1 на член 42-а се смета која било деловна трансакција, активност, шема, договор, обврска или настан кои може да се состојат од еден или повеќе чекори или делови.

За потребите на ставот 1 од член 42-а, аранжман или низа на аранжмани ќе се сметаат дека не се автентични, доколку не се воспоставени поради валидни комерцијални причини што ја одразуваат економската реалност, односно ако се воспоставени за целите на затајување на данок или избегнување на плаќање на даночните обврски.

За аранжманот или низа на аранжмани од ставот 1 на член 42-а, даночната обврска ќе се пресмета во согласност со одредбите од законот и од прописите од областа на даночната постапка.

Законот влезе во во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, односно од 26.09.2023 година.

## *7. ПРАГОВИ ЗА ДБ-ВП*

Согласно одредбите од член 33 од Законот за данокот на добивка, трговските субјекти - даночни обврзници, можат да се определат за пресметување и плаќање на данокот на добивка врз основа на вкупниот приход.

Даночните обврзници до 3.000.000 МКД остварен вкупен приход, поднесуваат ДБ-ВП образец, но се ослободени од данок на добивка на вкупниот приход.

Субјектите кои оствариле вкупен приход од 3 - 6 милиони МКД може да одберат данокот на добивка да го платат на основа на вкупен приход, со пресметување на обврската во висина на 1% од вкупниот приход кој е утврден во границата од 3 до 6 милиони МКД.

Остварувањето на правото за плаќање на данокот на вкупен приход останува со поднесувањето на Образец ДБ-ВП.

Можноста за плаќање и избор на ДБ-ВП, при остварен приход од 3 до 6 милиони МКД, но и задолжителната примена на ДБ-ВП за остварен вкупен приход до 3 милиони МКД останува во примена и во 2024 година и понатаму.

## НАДОМЕСТОЦИ

*дипл.економист: Јулија Минковска*

# ПРЕСМЕТКА НА НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ЗА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ НА РАБОТА (БОЛЕДУВАЊЕ)

***Боледувањето како надомест за привремена спреченост на работа, се утврдува од страна на работодавецот до 30 дена а над 30 дена од страна на Фондот за здравствено осигурување.***

### *ВОВЕД*

Со Законот за здравствено осигурување, се уредува здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување, кое се воспоставува како задолжително и доброволно.

***Задолжително здравствено осигурување се*** **однесува за сите граѓани на РМ, заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци,** врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата, кое го спроведува Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Осигурениците, во рамките на задолжително здравствено осигурување, имаат право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа – ***Боледување.***

***Доброволно здравствено осигурување,*** се однесува за обезбедување здравствени услуги, кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување, а го спроведуваат друштвата за осигурување, основани според прописите за осигурување.

## *1. ПРОПИСИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ*

Пресметката на боледувањето какоо надомест на плата за време на привремена неспособност за работа е регулирано согласно следниве законски прописи:

**1) Закон за здравствено осигурување** ("Службен весник на РМ", 25/00...60/23, 154/23);

**2) Закон за работни односи** ("Службен весник на РМ" 62/05…110/19, 267/20, 151/21,288/21, 111/23 );

**3) Закон за данок на личен доход** ("Службен весник на РМ", 241/2018, 275/19, 85/21, 274/22);

**4) Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување** ("Службен весник на РМ" 142/08…171/17; 35/18; 247/18, 251/22);

**5) Правилник за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување** ("Службен весник на РМ" 18/15; 64/15; 96/15; 125/15; 191/15; 187/16; 146/18, 44/19, 198/19, 63/20, 202/20, 303/20);

**6) Правилник за начинот, постапките и поблиските критериуми** за утврдување на привремената спреченост за работа, поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа, во зависност од видот на болеста и повредата ("Службен весник на РМ" 30/06; 22/09; 58/09; 140/09; 44/10; 81/10; 29/12;138/12; 12/17);

**7) Одлука за утврдување на Обрасците** предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжително здравствено осигурување ("Службен весник на РМ" 133/11...11/15);

**8) Општиот колективен договор за приватен сектор** од обласа на стопанство ("Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16);

**9) Општиот колективен договор за јавен сектор** ("Службен весник на РМ" 154/23);

**10) Колективен договор за здравствена дејност** ("Службен весник на РМ" 60/06...224/22, 154/2023).

## *2. ПРАВО НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА*

Согласно член 12 од Законот за Здравствено осигурување ***(во продолжение: ЗЗО)**, во* рамките на задолжителното здравствено осигурување, осигурениците кои се во работен однос, можат да ги остварат следните права на парични надоместоци и тоа:

**1). Право на надоместок на плата, за време на привремена спреченост од работа, поради болест и повреда;**
**2). Право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство и**
**3). Право на надоместок на патни трошоци.**

### *2.1. Право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работи, поради болест и повреда*

Согласно член 13 од ЗЗО, правото на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работи, поради болест и повреда, можат да остварат:

- ***Работник во работен однос*** кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и единиците на локалната самоуправа и градот Скопје;
- ***Државјанин на РСМ кој на територијата на РМ е вработен кај странски Меѓународни органи***, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва во лична служба на странски дипломатски и конзуларни преставништва или е во лична служба на странци, доколку со меѓународен договор поинаку не е определено и
- ***Самовработено лице*, во случај на:**
  1. **Болест и повреда, надвор од работа;**
  2. **Повреда на работа и професионална болест;**
  3. **Лекување и медицинско испитување;**
  4. **Негување на болно дете до три години возраст;**
  5. **Негување на болен член на потесното семејство над тригодишна возраст, но најмногу до 30 дена**;

**6. Неопходно придржување на болно лице, упатено на преглед или лекување, надвор од место на живеење;**
**7. Неопходно придружување на болно дете до три години возраст, додека се наоѓа на болничко лекување до 30 дена;**
**8. Доброволно давање на крв, ткиво или орган;**
**9. Изолираност заради спречување на зараза.**

***НАПОМЕНА:*** **Надоместокот на плата во горе наведените случаи, припаѓа од првиот ден на спреченост за работа и трае цело време, додека трае спреченоста за работа, а се исплатува за деновите за кои се остварува плата, според прописите за работни односи.**

### *2.2. Право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство*

Согласно член 14 од ЗЗО, право на надоместок на плата за време на отсуство од работа, поради бременост, раѓање и мајчинство можат да остварат:

- ***Работник во работен однос кај правно лице***, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и единиците на локалната самоуправа и градот Скопје;
- ***Државјанин на РМ кој на територијата на РМ е вработен кај странски Меѓународни органи***, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва во лична служба на странски дипломатски и конзуларни или е во лична служба на странци, доколку со меѓународен договор поинаку не е определено и
- ***Самовработено лице.***

Согласно член 170 од Законот за работни односи (ЗРО), работникот кој користи отсуство поради бременост, раѓање и родителство, отсуство за нега и заштита на дете **има право на надоместок на плата,** согласно со ЗРО и друг закон и колективен договор.

Согласно Законот за работни односи, работникот **на кој му престанал договорот за вработување на определено време,** поради истек на договорот и користи надоместок на плата за време на отсуство поради бременост, раѓање и родителство, **продолжува да го користи правото до истекот на отсуството на товар на органот надлежен за спроведување на задолжителното здравствено осигурување.**

***НАПОМЕНА*: Средства за остварување на ова право се обезбедуваат од Буџетот на РМ, преку надлежен орган.**

### *2.2.1. Посебна заштита за време на бременост раѓање и мајчинство*

Покрај законската одредба за правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, работничките поради бременост и родителство, имаат право на посебна заштита во работниот однос, со што работодавачот е должен да им овозможи полесно усогласување на семејните и професионалните обврски, и тоа во случаевите наведени **од член 160 до член 168** од Законот за работни односи.

**1. Забрана за вршење на подземни работи**

Работничките не смеат да вршат подземни работи во рудниците.

***Забраната не се однесува на работничките*:**

1. Кои се раководни лица, односно водат работни единици и имаат овластувања за самостојни полноважни одлуки;
2. Кои мораат поради стручно образување да поминат одредено време на пракса на подземни работи во рудниците и
3. Кога се вработени во здравствените или социјалните служби и други случаи, кога мораат да одат на подземни работи во рудник, заради вршење на работи, кои не се физички.

**2. Забрана за вршење работа за време на бременост, по породување**

За време на бременост и уште една година по породувањето, работничката не смее да врши работи, ако тие со зголемена опасност влијаат на нејзиното здравје или здравјето на детето, кои работи ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот, во согласност со министерот надлежен за работите од областа на здравството.

Бремените работнички кои работат со опасни хемиски материи, треба да бидат запознаени со дополнителните ризици од овие супстанции за нив и неродените деца.

**3. Посебна заштита за време на бременоста**

Работодавачот на смее да бара какви било податоци за бременоста на работничката, освен ако таа самата не ги достави заради остварувањето на правата за време на бременоста.

Ако работничката врши работа која за време на нејзината бременост може штетно да влијае на нејзиното здравје или здравјето на детето, определени согласно со членот 162 на законот, работодавачот е должен да и обезбеди вршење на друга соодветна работа и плата, како да ја вршела својата работа, ако тоа за неа е поповолно.

Во спорот меѓу работодавачот и работничката, одлучувачко е мислењето на избраниот лекар, односно лекарската комисија.

**4. Заштита за време на бременост и родителство во врска со ноќната и прекувремената работа**

За време на бременост или со дете до една година возраст, работничката не смее да врши прекувремена работа или да работи ноќе.

На работничката која има дете од една до три години возраст, може да и се наложи да врши прекувремена работа или работа ноќе, само по нејзина претходна писмена согласност.

Ова право го има работникот - татко на детето, односно работникот кој го негува детето, доколку мајката умре, го напушти детето, односно врз основа на мислењето на надлежната лекарска комисија, според прописите на здравственото осигурување, е неспособна за самостојно живеење и работа.

На еден од работниците - родители, кој има дете помладо од седум години или тешко болно дете или дете со телесен или душевен недостаток и кој живее сам со детето и се грижи за неговото воспитување и заштита, може да му се наложи да врши прекувремена работа или работа ноќе, само по негова претходна писмена согласност.

**5. Отсуство од работа поради бременост, раѓање и родителство**

Работничка за време на бременост, раѓање и родителство има право на платено отсуство од работа, во траење од **девет месеца** непрекинато, а доколку роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) **една година**.

Врз основа на наод од надлежниот здравствен орган, работничката ***може да го започне отсуството за бременост, раѓање и родителство 45 дена пред раѓањето, а задолжително 28 дена пред раѓање.***

Доколку работничката се породи порано од рокот, отсуството за бременост и раѓање започнува да го користи од денот на раѓање на детето до истекот на предвидениот рок.

Доколку од здравствени причини детето е задржано за нега или лекување во здравствена установа и доколку во меѓувреме мајката или таткото се вратат на работа, отсуството поради раѓање и родителство се прекинува и истото имаат право да го искористат неискористениот дел од отсуството.

Работникот е должен на работодавачот да му го најави времето на започнување на користење и времето на завршување на родителското отсуство 30 дена пред започнувањето, односно пред завршувањето на користењето на правото на родителско отсуство.

Работничка која посвојува дете, има право на отсуство до наполнување на деветмесечна возраст на детето, а доколку посвоила повеќе деца (две или повеќе), една година.

Работничка која посвојува дете, има право на платено отсуство, за времетраењето на периодот на адаптацијата на детето, согласно со прописите за семејството.

**6. Повторно враќање на работа од отсуство од работа, поради бременост, раѓање и родителство**

Работничка која користи отсуство поради бременост, раѓање и родителство, ако сака може да се врати на работа и

пред истекот на отсуството, но не и пред 45 дена од денот на раѓање на детето.

Работничката, покрај правото на плата, има право и на надомест на плата за отсуство поради бременост и родителство, ***во висина од 50%*** од утврдениот износ на надоместокот за отсуството од работа, според прописите за здравствена заштита.

На крајот на родителското отсуство, работникот има право да се врати на истото работно место или, доколку тоа не е возможно, на соодветно работно место, според условите од договорот за вработување.

**7. Користење на отсуство од работа за родителство од страна на татко или посвоител на дете**

Доколку отсуството од работа за родителство, од членот 165 на законот не го користи работничката, правото на отсуство од работа за родителство, го користи таткото или посвоителот на детето.

**8. Продолжување на отсуството поради бременост, раѓање и родителство**

Ако работничка роди мртво дете или ако детето умре пред истекот на отсуството поради бременост, раѓање и родителство, има право да го продолжи отсуството за време колку што според наодот на лекар е потребно да закрепне од раѓањето и од психичката состојба, предизвикана со губењето на детето, а најмалку 45 дена, за кое време и припаѓаат сите права врз основа на отсуството за бременост, раѓање и родителство.

***НАПОМЕНА:*** **За време на отсуството од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, работничката има право на надомест на плата, според прописите за здравствена заштита.**

*2.3. Право на надоместок на патни трошоци*

Согласно член 24 од ЗЗО, осигурените лица имаат право на надоместок на патните трошоци, ако се упатени да користат здравствени услуги надвор од Републиката на начин утврден со општ акт на Фондот.

Осигурените лица имаат право на надоместок на патните трошоци, ако се упатени да користат здравствени услуги во врска со дијализа и вежби за рехабилитација на видот, слухот и говорот, надвор од местото на живеење, а кои се спроведуваат амбулантски.

### *3. УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ*

Согласно член 15 од ЗОО, осигурениците правото на надоместок на плата, можат да го остварат, ако ги исполнуваат и следниве услови:

**1*) З*дравственото осигурување траело најмалку ШЕСТ месеци непрекинато пред настапување на случајот, освен во случаите на Повреда на работа и професионално заболување,** ***како и за осигурениците:***

- **Работник во работен однос** кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје;
- **Државјанин на Република Македонија** кој на територијата на Република Македонија е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва, во лична служба на странски дипломатски и конзуларни претставништва или е во лична служба на странци, доколку со меѓународен договор, поинаку не е определено;
- **Самовработено лице;**

чиј брачен другар бил упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка соработка, просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на стручно усовршување или образование со согласност и за потребите на работодавачот и по тој основ му мирува работниот однос, доколку во рок од 30 дена од денот на престанувањето на работата на неговиот брачен другар во странство се врати на работа кај работодавачот, **кај кој му мирува работниот однос;**

*НАПОМЕНА:* **За исполнување на овој услов, важно е да нема прекин во плаќањето на здравственото осигурување, независно дали ќе се менува работодавачот во тие шест месеци.**

Условот од (**шест месеци непрекинато**), **не важи** во случај да е настаната **повреда при работа и професионално заболување.**

**ПРИМЕР:** *Работникот е во работен однос само 3 месеци, а е настаната повреда на работа, во тој случај работникот го остварува правото на боледување, при што за* ***првите 30 дена*** *надоместокот паѓа на товар на работодавачот, а доколку боледувањето трае подолго од 30 дена,* ***после 30-от ден паѓа на товор на Фондот, што значи Фондот ќе го исплати надоместокот за здравствено осигурување, иако работникот нема непрекинат стаж од 6 месеци.***

На осигуреникот на кој му мирува работниот однос **поради користење неплатено родителско отсуство,** ***придонесот за здравствено осигурување се плаќа*** преку програмата на Министерството за здравство и за период во кој му мирува работниот однос заради неплатено родителско отсуство, се смета дека нема прекин во остварувањето на правата од задолжително здравствено осигурување.

**2) Придонесот за задолжителното здравствено осигурување, редовно да се уплатува или со задоцнување од најмногу 60 дена;**

Осигурениците за кои со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност **е предвидено ослободување од плаќање на придонесите од задолжителното социјално осигурување, остваруваат надоместок на плата без уплата на придонесот за задолжително осигурување за периодот за кој се ослободени од плаќање на придонесите** од задолжителното социјално осигурување, и тоа:

- **осигуреници на возраст до 35 години,**
- **осигуреници на возраст од 35 години до 50 години,**
- **осигуреници на возраст над 50 години,**
- **осигуреници кои се родители на три или повеќе деца,**

самохран родител и член на еднородителско семејство, приматели на социјална парична помош, деца без родители и родителска грижа, жртви на семејно насилство, инвалидно лице со утврдена инвалидност согласно со Законот за вработување на инвалидни лица и лице со утврдена намалена работна способност или професионална **неспособност за работа за 50%** согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, професионални војници на кои им престанал работниот однос согласно со Законот за служба во Армијата на Република Македонија и родители на деца со пречки во развојот, корисници на посебен додаток,

- **осигуреници на возраст над 58 години и**
- **самовработени лица од предходните алинеи.**

По исклучок од условите за остварување на правото за здравствено осигурување, **осигуреникот кој е во работен однос или е самовработено лице, како замена за работник кој користи породилно отсуство од работа за периодот додека трае породилното отсуство и за кој е утврдено ослободување од плаќање на придонесите од задолжително социјално Осигурување,** согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, **остварува надоместок на плата без здравственото осигурување да траело најмалку шест месеци непрекинато пред настапување на случајот** и без уплата на придонесот за задолжително осигурување за периодот за кој е ослободен од плаќање на придонесите од задолжителното социјално осигурување.

Потребната документација за исполнетоста на условите, ја прибавува овластеното службено лице од Фондот, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган и да ја достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

**3) Оцената за привремена спреченост за работа ја дал избраниот лекар, односно лекарската комисија.**

Овој осигуреник не поднесува Изјава за остварените приходи во претходната година согласно со прописите за придонесите од задолжително социјално осигурување и придонесот за здравствено осигурување го уплаќа Министерството за здравство.

## *4. ОСНОВИЦА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПЛАТА*

Согласно член 16 од ЗЗО, **основица** за пресметување на надоместокот на плата претставува **просечниот месечен износ на исплатената (Бруто) плата** на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување, ***во последните (12) дванаесет месеци, пред настанувањето на случајот,*** **поради кој се стекнува правото на надоместокот**.

Ако за осигуреникот не може да се утврди основицата за надоместокот, во тој случај основицата ќе се утврди од **платата што ја остварил за деновите поминати на работа во периодот пред настанување на случајот.**

**ПРИМЕР: Работникот е во работен однос од 10 месци, во случај на повреда при работа основицата за надоместокот на плата се утврдува од остварената плата за тие (10) месеци.**

***За лицата кои вршат самостојна дејност****, основица за пресметување на надоместок на плата, претставува* ***основицата на која е платен придонесот за задолжителното здравствено осигурување.***

## *5. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПЛАТИ*

### *5.1. Висина на надоместок на плата за боледување кога го исплатува Фондот за здравствено осигурување*

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување, висината на надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа ја исплатува работодавецот, односно Фондот со општ акт, **но најмалку во висина од 70% од основицата за надоместокот на плата, односно 85% од основицата за лицата заболени од малигни заболувања додека трае лекувањето.**

*По исклучок висината на надоместокот на плата за време на привремената спреченост за работа, за:*

- **Повреда на работа, професионална болест;**
- **За време на давање крв, ткиво или орган како и**
- **За време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство од првиот ден изнесува:**

**100% од основицата на надоместокот на плата**.

**Висината на надоместокот на плата не може да биде повисока** од износот **на 4 (четири**), просечни плати исплатени во Републиката во претходната година.

**Највисокиот износ на надоместокот на плата** за време на привремена спреченост од работа **за 2023 година, што го исплатува Фондот, изнесува***:*

| *(31.859,00 x 4 = 127.436,00 денари)* |
|---|

### *5.2. Висина на надоместок на плата кога надоместокот за боледување го исплаќа работодавачот( (ПРИВАТЕН СЕКТОР)*

Во согласност со член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор, за време на времена неспособност за работа **(боледување**), работникот има право на надомест во следниве случаи:

| Време | Право на надомест |
|---|---|
| **до 15 дена** | **70%** од основицата |
| **над 15 дена** почнувајќи од првиот ден на боледувањето за сите денови | **90%** од основицата |
| Како и надомест на плата во случај утврдени со закон, **кога боледувањето над 30 дена го плаќа работодавачот.** | **90%** од основицата |

***Основица за исплата на надоместокот*** претставува просечната ***плата на работникот во последните 12 месеци, доколку со Закон поинаку не е определено, а доколку не примал плата, во висина на најниската плата.***

### 5.3. Висина на надоместок на плата кога надоместокот за боледување го исплаќа работодавачот (ЈАВЕН СЕКТОР)

Во согласност со член 19 од Општиот колективен договор за ЈАВЕН СЕКТОР, за време на времена неспособност за работа **(боледување**), работникот има право на надомест на плата во висина од:

| Време | Право на надомест |
|---|---|
| **До 7дена** | **70%** од основицата |
| **До 15 дена** | **80%** од основицата |
| **Над 15 дена** | **90% од основицата** |
| **Над 30 дена**, во случаи утврдени со закон и колективен договор. | **100%** од основицата |
| **Во случаи на спреченост за работа** поради професионални заболувања и повреди на работа, дарување на крв и за други случаи утврдени со закон. | **100% од основицата** |

***Основица за пресметка на надоместок на плата е*** просечната Бруто плата на работникот ***во последните 12 месеци,*** доколку работникот во тој период **на примал плата**, **основица за пресметка** е висината на најниската основна Бруто плата, исплатена на ниво на сектор, оддел или група.

***НАПОМЕНА:*** **Времетраењето на боледувањето се брои календарски (од првиот до 30 ден), додека исплатата на надоместокот се врши за деновите за кои осигуреникот (работникот) би остварил плата, доколку би бил на работа (работни денови и денови на празници). Надоместот на плата за првите 30 дена спреченост за работа, го утврдува и исплатува работодавачот од своите средства, а над 30-от ден Фондот за здравствено осигурување.**

## 6. ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА

Согласно измената на член 18 од ЗЗО и член 112 став 3 од Законот за работни односи, надоместокот на плата **за првите 30 дена** спреченост за работа, го утврдува и исплатува работодавецот од своите средства, **а над 30 дена Фондот.**

По исклучок, надоместокот на плата се исплатува од средствата на Фондот, ***од ПРВИОТ ДЕН на привремената спреченост за работа, во случај на***:

- **Нега на болно дете до тригодишна возраст,**
- **Доброволно давање крв, ткиво или орган,**
- **Како и отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, од средствата на Буџетот на Република Македонија.**

**НАПОМЕНА: Во случај кога привремената спреченост за работа, поради повреда на работа, настанала како последица од необезбедување на мерките, утврдени со прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа од страна на работодавецот, надоместокот на плата за целиот период на привремена спреченост на работа, настаната како последица од необезбедување на мерките, утврдени со прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа од страна на работодавачот, е на товар на работодавачот, согласно прописите од областа на работните односи.**

Доколку доброволен дарител на крв, не остварил надоместок на платата кај работодавецот, кај кого е вработен, за отсуство од работа поради доброволно дарување крв**, може да бара тоа право да го оствари на товар на средствата на Фондот.**

### *7. ОЦЕНКА ЗА СПРЕЧЕНОСТ НА РАБОТА*

Согласно член 20 од ЗЗО, оцена за привремената спреченост за работа **за првите 15 дена** дава, избраниот лекар од примарната здравствена заштита, а **над 16 дена** дава **првостепената лекарска комисија** на Фондот, по предлог на избраниот лекар.

Осигуреникот е должен оценката за привремена спреченост за работа, издадена од избраниот лекар од примарната здравствена заштита, односно од првостепената лекарска комисија на Фондот по предлог на избраниот лекар, да ја достави до работодавецот, односно Фондот, ***во рок од 8 (осум) дена*** од истекот на секој од роковите, во спротивно осигуреникот е должен да се јави на работа.

Избраниот лекар од примарната здравствена заштита, односно **лекарските комисии,** должината на траењето на спреченоста за работа ја утврдуваат **во зависност од видот на болеста,** повредата или потребата за нега на болен член од потесното семејство.

Доколку осигурениот не е задоволен од оцената на лекарот, односно **првостепената лекарската комисија**, може да поднесе приговор до првостепената лекарска, односно до второстепената лекарска комисија.

Начинот, постапките и поблиските критериуми во зависност од видот на болеста, повредата или потребата за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на спреченоста за работа ги утврдува Фондот со општ акт, на кој министерот за здравство дава согласност.

Работодавачот **може да формира медицинска комисија** која е овластена да изврши преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа со медицински преглед на осигуреникот и проверка на документацијата, за периодот кога надоместокот на плата ги исплатува работодавачот.

Министерот за здравство формира комисија за контрола на работата на избраните лекари, првостепената односно второстепената лекарска комисија, во областа на оцената на привремена спреченост за работа и медицинската комисија која е овластена да изврши и преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа со медицински преглед на осигуреникот и проверка на документација.

### *7.1. Преиспитување на оцената*

Согасно член 21 од ЗЗО, работодавецот, односно Фондот, во зависност од тоа кој врши исплата на надоместокот на плата може да поднесе барање за преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа до првостепената, односно второстепената лекарска комисија.

### *7.2. Упатување на инвалидска комисија*

**Согласно член 22 од ЗЗО, в**о случај на подолго траење на привремената спреченост за работа до 12 месеци, лекарската комисија од член 20 став 1 на законот го упатува осигуреникот до надлежниот орган за оценување на работната способност, според прописите за пензиското и инвалидското осигурување.

## *8. ЗАПИРАЊЕ НА ИСПЛАТАТА НА НАДОМЕСТОКОТ*

Согласно член 23 од ЗЗО, осигуреникот не може да оствари, односно ќе му се запре исплатата на надоместокот на платата за време на привремената спреченост за работа, ако:

**1) Неоправдано не се јави на определен лекарски или комисиски преглед и лекување или свесно не се придржува кон упатствата на лекарот;**
**2) Во времето на привремената спреченост за работа се утврди дека работи и остварува приход и**
**3) Работодавецот кај кого нема други вработени, во тој период остварува приходи**.

## *9. ДАНОЧЕН ТРЕТМАН НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПЛАТА ЗА ВРЕМЕ НА БОЛЕДУВАЊЕ И ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИ*

Согласно одредбите на Законот за придонеси од социјално осигурување***, (во продолжение Законот***), за работникот кој зема надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа, обврзник за пресметка и уплата на придонеси ***е работодавачот или Фондот за здравствено осигурување.***

### *9.1. Пресметка на даноци и придонеси за време на боледување на товар на работодавачот*

Согласно член 15 став 1 точка 9 од Законот, данок на личен доход, ***за доход од работа се смета надоместокот за време на боледување,*** кој се оданочува со данок на доход од **10%**..

**Основица за пресметување на данокот на доход од работа е остварената плата за време на боледување намалена за придонесите од задолжително социјално осигурување и даночното намалување за месецот за кој се исплатува платата.**

**НАПОМЕНА: Доколку работникот во истиот месец остварил и плата и надоместок на плата за боледување, месечното лично ослободување се дели, според бројот на работни денови/часови, на дел кој се однесува на ефективните часови на работа на боледување.**

Согласно Законот надоместокот на плата за време на боледување се плаќаат придонеси и тоа:

1. ***Придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување (18,8%);***
2. ***Придонес за здолжително задравствено осигурување (7,5%);***
3. ***Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурвање во случај на повреда на работа и професионално заболување (0,5%);***
4. ***Придонес за задолжително осигурување во случај на невработеност – придонес за вработување (1,2%).***

Согласно член 13 од Законот, **ОБВРЗНИК** за пресметка и уплата на придонесите, е ***РАБОТОДАВАЧОТ*** или ***ФОНДОТ*** за здравствено осигурување на Република Македонија.

**РАБОТОДАВАЧОТ** е обврзник за делот од надоместокот кој го исплаќа **до 30 дена**, додека **над 30 дена, ОБВРЗНИК** за пресметка на придонесите е **ФОНДОТ**, освен за одредени боледувања.

Согласно член 14 став 1 точка 8 од Законот, **ОСНОВИЦА** за пресметка на придонесите е надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, за корисник на праичен надоместок.

**НАПОМЕНА: За надоместокот за боледување нема најниска основица за плаќање на придонесите, односно за деновите за кои се добива надоместок на плата не се врши доплата до најниска основица – 50% од просечната плата по работник во РМ, објавена во тековниот месец.**

**НАПОМЕНА**: **За деновите на ефективна работа, доколку платата за тие ефективни денови е помала од најниската основа за придонесите, утврдена сразмерно за тие денови, ќе се изврши доплата до таа најниска основа**.

## *9.2 Пресметка на плата и надоместок на плата за време на боледување од страна на РАБОТОДАВАЧОТ*

**Пример**: Работникот "НН" во месец ***СЕПТЕМВРИ/*2023** бил на боледување во период од **15.09 до 21.09.2023** година.

**Пресметката на боледувањето, ќе биде следната:**

**Во месец СЕПТЕМВРИ/2023 година има:**
30 – Календарски дена;
21 – Работни дена од кои работникот:

- **на РАБОТА (од 1 до 14)**
- 14 календарски дена –10 **работни дена (9 работни дена + 1 работен ден празник, платен во целост)**
- **На БОЛЕДУВАЊЕ (од 15 до 21)**
- 7 календарски дена –5 **работни дена**
- **На РАБОТА (од 22 до 30)**
- 9 календарски дена –6 **работни дена**

1. **Вкупно работни часови за месец СЕПТЕМВРИ/ 2023** (21 ден х 8 часа ) 168

---

2. **Часови на ефективна работа** (16 раб.дена х 8 часа = 128 часа) 128
3. **Часови на боледување** (5 раб.дена х 8 часа ) 40

Просечна бруто плата во последните (12) **дванаест месеци,** пред настанување на боледувањето за период **ОКТОМВРИ/2022 – АВГУСТ/2023 година, изнесува:**

| Р.бр. | МЕСЕЦ | Бр.на часови | Бр. на денови | Исплатена бруто плата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Септември 2022** | 176 | 22 | 35.000 |
| 2. | **Октомври 2022** | 168 | 21 | 35.000 |
| 3. | **Ноември 2022** | 176 | 22 | 35.000 |
| 4. | **Декември 2022** | 176 | 22 | 35.000 |
| 5. | **Јануари 2022** | 176 | 22 | 35.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | **Февруари 2022** | 160 | 20 | 35.000 |
| 7. | **Март 2022** | 184 | 23 | 35.000 |
| 8. | **Април 2022** | 160 | 20 | 35.000 |
| 9. | **Мај 2022** | 184 | 23 | 35.000 |
| 10. | **Јуни 2023** | 176 | 22 | 40.000 |
| 11. | **Јули 2023** | 168 | 21 | 40.000 |
| 12. | **Август 2023** | 184 | 23 | 40.000 |
| | **Вкупно :** | **2088** | **261** | **435.000** |

Потребни податоци за пресметка на надоместокот на плата за време на **Боледување и за време на Ефективна работа:**

**1. Бруто плата за 12 месеци** **435.000**
2. Часови на работа за претходни 12 месеци 2.088
**3. Бруто плата по час (435.000 : 2.088)** **208**
4. Работен број на часови за (**Септември/2023)** 168
**5. Часови на боледување (5 работни дена x 8 часа)** **40**
**6. Часови на ефективна работа (16 работни дена x 8 часа)** **128**
7. Просечно исплатена бруто плата за 2023 49.397
8. Најниска основица за придонеси за 2023 24.699 **(50% од 49.397)**
9. Плата за Септември/2023 доколку работникот не би бил на боледување (168 x 208) 34.944

**1. Пресметка на надоместокот на плата, за -БОЛЕДУВАЊЕ за 5 работни дена (40 часа)**

**Основица за пресметка на БОЛЕДУВАЊЕ**
за 40 часа (208 **x 40)** 8.320
**Бруто надомест за боледување за 40 часа**
(8.320 x 70%) 5.824

**Рекапитулар на бруто плата за денови на боледување**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Бруто плата за денови на боледување** | **5.824** |
| 2. | Придонес за ПИО 1 x 18,8% | 1.095 |
| 3. | Придонес за здр. осигурување 1 x 7,5% | 437 |
| 4. | Придонес за вработување 1 x 1,2% | 70 |
| 5. | Придонес за доп.здр. осигу. 1 x 0,5% | 29 |
| **6.** | **Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **1.631** |
| 7. | Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 4.193 |
| 8. | Даночно намалување за боледување **(9.038 : 168 x 40)** | 2.152 |
| 9. | Даночна основа (7 – 8) | 2.041 |
| **10.** | **Данок на доход 10% (9 x 10%)** | **204** |
| **11.** | **Нето плата за време на боледување (1 – 6 – 10)** | **3.989** |

**2. Пресметка на плата за 16 работни дена (Ефективна работа за 16 работни дена (128 часа)**

**Бруто плата за 128 часа ефективна работа (34.944 : 168 ч. x 128)** **26.624**

**Рекапитулар на бруто плата за деновите на ефективна работа**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Бруто плата за денови на работа** | **26.624** |
| 2. | Придонес за ПИО (1 x 18,8%) | 5.005 |
| 3. | Придонес за здр. осигурување (1 x 7,5%) | 1.997 |
| 4. | Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 319 |
| 5. | Придонес за доп. Здр. Осигур. (1 x 0,5%) | 133 |
| **6.** | **Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **7.454** |
| 7. | Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6) | 19.170 |
| 8. | Даночно намалување за денови на работа (9.038 : 168 x 128 ) | 6.886 |
| 10. | Даночна основа за пресметка на данок (7 – 8) | 12.284 |
| **11.** | **Данок на доход 10% (12.284 x 10%)** | **1.228** |
| **12** | **Нето плата за време на ефектна работа (1 – 6 – 7 - 11)** | **17.942** |

**Вкупна пресметка за ефективна работа и за боледување**

| Р.бр | Опис | За ефек-тивна работа | За боледу-вање | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Бруто плата** | **26.624** | **5.824** | **32.448** |
| 2 | ПИО | 5.005 | 1.095 | 6.100 |
| 3 | Здравствено осигурување | 1.997 | 437 | 2.434 |
| 4 | Вработување | 319 | 70 | 389 |
| 5 | Дополнително здравство | 133 | 29 | 162 |
| **6** | **Вкупно придонеси** | **7.454** | **1.631** | **9.085** |
| 7 | Данок на доход | 1.228 | 204 | 1.432 |
| **8** | **Нето плата** | **17.942** | **3.989** | **21.931** |

**Книжење:**

421/1 – Бруто плати – ефективна работа 26.624,00
421/2 – Бруто плати - боледување 5.824,00
240 – Обврски за плата и надомест за плата 32.448,00
***(пресметани бруто плати и боледување)***

240 – Обврски за бруто плата и надомест на плата 32.448,00
240/1 – Обврски за плата ефективна работа 26.624,00
240/2 – Обврски за плата –боледување 5.824,00
***(обврски за бруто ефективна плата и боледување)***

2401 – Обврски за плата ефективна работа 26.624,00
243 – Обврски за ефективна нето плата 17.942,00
2340 – Обврска за данок на доход 1.228,00
2346 – Обврска за придонеси 7.454,00
***(месечна пресметка за плати за септември 2023)***

2403 – Обврски за бруто плата боледување 5.824,00
2401 – Обврски за нето плата боледување 3.989,00
2340 – Обврска за данок на доход 204,00
2346 – Обврска за придонеси 1.631,00
***(месечна пресметка за плати за септември 2023)***

| | |
|---|---|
| 2401 – Нето плата –ефективна работа | 17.942,00 |
| 2401 – Нето плата – боледување | 3.989,00 |
| 2340 – Данок на доход за ефективна работа | 1.228,00 |
| 2340 – Данок на доход за боледување | 204,00 |
| 2346 – Придонеси од плати ефктивна работа | 7.454,00 |
| 2346 – Придонеси од плати боледување | 1.631,00 |
| 1000 – Жиро сметка | 32.448,00 |

***(исплатено боледување).***

### *11.4. Пополнување на образецот МПИН кога боледувањето паѓа на товар на РАБОТОДАВАЧОТ*

Постапката и начинот на пресметување на боледувањето се врши според истата методологија според која се врши пресметката на платата, поради што исплатителот на платата (работодавачот), пресметката на боледувањето ја вклучува во **Образецот МПИН – Месечна пресметка за интегрирана наплата,** кој се доставува до УЈП најдоцна **до 10-ти во тековниот за претходниот месец.**

**Врз основа на наведените податоци во примерот, се пополнува МПИН – образецот на следниот начин:**

**Поле 3.0. до Поле 3.4. се пополнуваат општи податоци на осигуреникот;**

| | |
|---|---|
| **Поле 3.5** – Стаж во денови | **30** |
| **Поле 3.6** – Ефективна работа - часови | **128** |
| **Поле 3.7** - Износ на ефективна работа | **17.942** |
| **Поле 3.8** - Часови на боледување | **40** |
| **Поле 3.9**. – Вид на надоместок во зависност од бројот на денови на боледување се внесуваат следните шифри:<br>***За боледување до 15 дена*** ***шифра 125***<br>*Надоместок за боледување* *70%*<br>***За боледување од 16 до 30 дена*** ***шифра 127***<br>*Надоместок за боледување* *90%;*<br>***За повреда на работа, професионална болест и друго*** ***шифра 128***<br>*Надоместок за боледување* *100%* | **125** |

| | |
|---|---|
| **Поле 3.10** – Износ на надоместок на боледување | **3.989** |
| **Поле 3.14** – Бруто плата вкупен износ | **32.448** |
| **Поле 3.15** – Придонес за ПИО | **6.100** |
| **Поле 3.16** – Доплата за придонес за ПИО | **/** |
| **Поле 3.40** – Придонес за здравство | **2.434** |
| **Поле 3.41** – Доплата на прид.за здр. | **/** |
| **Поле 3.42** – Придонес за допол.здрав.осиг. | **162** |
| **Поле 3.43** – Доплата на прид. за допл. здр | **/** |
| **Поле 3.44** – Придонес за вработување | **389** |
| **Поле 3.45** – Доплата на придонес за враб | **/** |
| **Поле 3.46** – Данок на доход | **1.432** |
| **Поле 3.17** – Шифра за вид на стаж на осигурување | **0050** |
| **Поле 3.30** – Број на пријава/одјава од задолжително социјално осигурување | |
| **Поле 3.13** – Нето плата | **21.931** |
| **Поле 3.31** – Ефективна нето плата | **21.931** |

## *12. УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА БОЛЕДУВАЊЕ ЗА ПОРОДИЛНО ОТСУСТВО ОД СТРАНА НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ*

Согласно член 85 од Правилникот за содржината и начинот на остварување на права и обврски од здравствено осигурување, надоместокот кој го плаќа Фондот за здравствено осигурување **изнесува 70% од просечниот месечен износ на исплатена нето плата** на која е платен придонес за здравствено осигурување, во последните шест месеци, пред настанување на случајот, поради кој се стекнува правото на надоместокот.

По исклучок висината на надоместокот на плата за време на привремената спреченост за работа (**предизвикана со повреда на работа, професионална болест, за време на давање крв, ткиво или орган, како и за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство изнесува 100% од основицата на надоместокот на плата**), утврдена според член 16 од ЗЗО.

Согласно член 14 од Законот за здравствено осигурување**, право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство** можат да остварат осигурениците, ако биле здравствено осигурени непрекинато најмалку шест месеци, пред започнувањето на отсуството.

**Овој надоместок се исплатува за деновите за кои се остварува плата и во траење утврдено со прописите за работните односи.**

Согласно член 165 од Законот за работни односи работничка за време на бременост, раѓање и родителство има право на платено отсуство од работа во траење од девет месеци непрекинато, а доколку роди повеќе деца, одеднаш (***близнаци, тројки и повеќе***) **15 месеци** (**согласно новата измена на Законот за Работни односи).**

Врз основа на наод од надлежниот здравствен орган, работничката може да го започне отсуството за бременост, раѓање и родителство **45 дена пред раѓањето, а задолжително 28 дена пред раѓање.**

Доколку работничката се породи порано од рокот, отсуството за бременост и раѓање започнува да го користи од денот на раѓањето на детето до истекот на рокот.

Доколку од здравствени причини детето е задржано за нега или лекување во здравствена установа и доколку во меѓувреме мајката или таткото се вратат на работа, отсуството поради раѓање и родителство се прекинува и истото имаат право да го искористат неискористениот дел од отсуството од девет месеци.

Работникот е должен на работодавачот да му го најави времето на започнување на користењето и времето на завршувањето на родителското отсуство 30 дена пред започнувањето, односно пред завршувањето на користењето на правото на родителско отсуство.

Работничка која посвојува дете има право на отсуство до наполнување на деветмесечна возраст на детето, а доколку посвоила повеќе деца (**две или повеќе) една година**.

Работничка која посвојува дете, има право на платено отсуство, за времетраењето на периодот на адаптацијата на детето, согласно со прописите за семејство.

### *12.1. Право на надоместок на плата за боледување на товар на Фондот*

Право на надоместокот на плата, согласно Законот за здравствено осигурување, имаат лицата кои се во работен од нос за време на боледување во следните случаи:

**1) Болест и повреда надвор од работа;**
**2) Повреда на работа и професиоална болест;**
**3) Лекување и медицинско испитување;**
**4) Негување на болно дете до три годишна возраст;**
**5) Негување на болен член на потесно семејство над три годишна возраст, но најмногу до 30 дена;**
**6) Неопходно придружување на болно лице упатено на преглед или лекување надвор од место то на живеење;**
**7) Неопходно придружување на болно дете до три годишна возраст додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена;**
**8) Доброволно давање на крв, ткиво или орган и**
**9) Изолираност заради спречување на зараза.**

Овие лица имаат право на надоместокот на плата од првиот ден на спреченоста за работа и трае цело време додека трае спреченоста за работа, а се исплатува за деновите за кои се остварува плата според прописите за работни односи.

Упатувањето на примена на одредбите од Законот за работните односи, значи дека Фондот за здравствено осигурување исплатува надоместок на плата по 30 дена боледување, односно од првиот ден на боледувањето, во зависност од основот на боледувањето.

**Основот на боледувањето е услов и за висината на надоместок на плата кој изнесува 70% односно 100% од основицата утврдена со закон.**

**ПРЕГЛЕД НА БОЛЕДУВАЊЕ НА ТОВАР НА ФЗО**

| ТИП НА БОЛЕДУВАЊЕ | ТОВАР НА ФЗО | ИСПЛАТА |
|---|---|---|
| **БОЛЕСТ, ПОВРЕДА ИЛИ НЕГА** | | |
| Болест и повреда надвор од работа | **После 30 дена** на товар на Фонд | **70%** |
| Болест и медицинско лекување | **После 30 дена** на товар на Фонд | **70%** |
| Малигни заболувања | **После 30 дена** на товар на Фонд | **85%** |
| Патолошка бременост | **После 30 дена** на товар на Фонд | **70%** |
| Повреда на работа и професионална болест | **После 30 дена** на Товар на Фондот | **100%** |

| | | |
|---|---|---|
| Негување на болно дете до тригодишна возраст | **Од прв ден** на товар на Фондот | **70%** |
| Негување на болен член на потесно семејство **НАД ТРИГОДИШНА ВОЗРАСТ** но најмногу **до 30 дена** | **После 30 дена** на товар на Фонд | **70%** |
| Неопходно придружување на болно лице упатено на преглед или лекување надвор од местото и на живеење | **После 30 дена** на товар на Фонд | **70%** |
| Неопходно придружување на болно дете **ДО ТРИГОДИШНА ВОЗРАСТ**, додека е на болничко лекување **но најмногу 30 дена** | **После 30 дена** на товар на Фонд | **70%** |
| Доброволно дарување на крв, орган или ткиво | **Од прв ден** на товар на Фондот | **100%** |
| Изолираност заради спречување на зараза | **После 30 дена** на товар на Фонд | **70%** |
| **БРЕМЕНОСТ И РАЃАЊЕ** | | |
| Бременост и раѓање | **Од прв ден** на товар на Фондот | **100%** |
| Вратена породилка | **Од прв ден** на товар на Фондот | **50%** |
| Породилно на татко | **Од прв ден** на товар на Фондот | **100%** |
| Адаптација | **Од прв ден** на товар на Фондот | **100%** |
| Посвојување | **Од прв ден** на товар на Фондот | **100%** |

### *12.1. Обрасци кои се доставуваат до ФЗО*

Постапката за остварување на правото од задолжително здравствено осигурување, започнува со поднесување на барање до Фондот, кое се поднесува во два идентични обрасци со потребната документација.

**Пропишаните обрасци за остварување на** правото на надоместок на плата, по основ на боледување се:

1. **ОБРАЗЕЦ – Н1** - **Барање** за остварување на надоместок на плата поради ***болест/повреда/ нега;***
2. **ОБРАЗЕЦ – Н2** - **Барање** за остварување на надоместок на плата поради ***бременост и раѓање;***
3. **ОБРАЗЕЦ – Н3 – Барање** за надоместок на плата поради ***повреда на работа/професионална болест***.

### *12.2. Пополнување на МПИН Пријавата кога боледувањето паѓа на товар на Фондот за здравствено осигурување*

Доколку надоместокот за боледување се исплатува од Фондот пополнувањето се врши на следниот начин:

**Поле 3.0 до 3.05** се пополнуваат задолжително;

**Поле 3.17** се пополнува шифрата за вид на стаж на осигурување или шифра за работно место што се смета со зголемено траење (***на пример 0050***);

**Поле 3.23 се пополнува една од шифрите и тоа:**

- **шифра 140** – надоместок на плата за боледување, што го исплатува ФЗО во висина од 70% до 100%;
- **шифра 128** – надоместок на плата за боледување што го исплатува ФЗО во висина од 100% (породилно отсуство, повреда на работа, професионална болест) или
- **шифра 129** – надоместок на плата за боледување што го исплатува ФЗО (50% породилно отсуство) и (100% плата од работодавец чл. 64 став 2 од ЗРО);

**Поле 3.24 се пополнува бројот на часовите за кои се презема обврската за плаќање на придонесот од ФЗО** (кога вработениот цел месец е на товар на ФЗО се пополнува вкупниот број на работни часови во месецот;

**Поле 3.25** се пополнува просечната плата од последните шест месеци.

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

дипл.правник: Елена Јандриоска

## ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ

***Во услови на недостаток на работна сила, актуелни се одредбите со кои се регулира вработувањето на странци во Македонија, нивниот престој, права и обврски од работен однос.***

### *ВОВЕД*

Со Законот за вработување и работа на странци („Службен весник на РМ" 217/15...163/21), се уредуваат условите и начинот под кои странците може да се вработуваат и да работат во Република Северна Македонија.

Со Законот се утврдуваат основите на политиката за вработување и работа на странци. Законот ги уредува условите за издавање на работни дозволи, видовите на работни дозволи, како и постапката на издавање на работните дозволи.

Со Законот се уредуваат условите за прекугранично давање на услуги од странски компании, преку упатување на работници во филијали и здруженија на странски компании во Република Северна Македонија, како и сезонската работа на странци, работа од страна на странски претставници во компании и самовработување на странци во РСМ.

Законот уредува и други прашања во врска со работата на странците, надзорот, евиденцијата, заштита на правата од работен однос и друго.

Странец е лице кое не е државјанин на Република Македонија, како и лице без државјанство, односно лице кое ниедна држава по сила на својот закон не го смета за свој државјанин;

Странец се смета како вработено лице во Република Македонија, кога врз основа на договор за вработување ќе заснова работен однос кај работодавач, чие седиште или место на живеење е во Република Македонија или кога ќе стекне статус на самовработено лице согласно со законот.

Услугите обезбедени од странци и другите облици на работа, кои ги извршуваат странци врз основа на договори за работа или други договори, согласно со граѓанското право, а кои се спроведуваат на територијата на Република Македонија за ограничен временски период, се сметаат за работа извршена од страна на странци.

## *1. ДОЗВОЛА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ ИЛИ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА*

Странците кои согласно со одредбите од законот можат да се вработат, самовработат, или да работат во РМ, задолжително треба да поседуваат дозвола за привремен престој заради работа издадена од Министерството за внатрешни работи или дозвола за работа издадена од Агенцијата за вработување на Република Македонија и регулиран престој по друг основ во РМ.

Во постапката за стекнување на дозвола за привремен престој заради работа согласно со закон, Агенцијата за вработување на Република Македонија издава мислење врз основ на искористеноста на квотата и моменталните потреби на пазарот на труд во Република Македонија.

Лицето задолжено да ја регистрира нивната работа, треба да ја регистрира како работа на странец, согласно со одредбите од законот.

Во определени случаи утврдени со законот, е дозволено давање на услуги од страна на странци врз основа на потврда за регистрација на работа.

Потврдата за регистрација на работата на пропишан образец е документ кој ја потврдува законитоста на работата, која ја вршат странците во државата.

Договор за вработување или за работа склучен меѓу работодавач и странец кој не поседува дозвола за привремен престој заради работа или работна дозвола и регулиран престој на странецот, ќе се смета за ништовен.

При вработување на странец, работодавачот не смее барателот на вработувањето да го стави во нееднаква положба заради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидноста, религиозното, политичкото или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.

Забраната на директна или индиректна дискриминација во овие случаи се однесува на дискриминација на кандидатот за вработување и работникот, согласно со Законот за работните односи.

## *2. НОВИ ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ*

Со новите измени во Законот за вработување и работа на странци донесени во „Службен весник на РСМ" 163/21, се постигна олеснување на постапките за краткотраен работен ангажман на странците, подобрување на мобилноста на странците, кои се вработени во македонски компании.

Воедно се доуреди и начинот на пријавување на работниот ангажман на странци по електронски пат, како и допрецизирање на подзаконските акти, кои произлегуваат од законот.

Со измените направени се промени во членот 7, кој поопширно ги утврдува и пропишува работните дозволи за странците.

Работна дозвола е документ врз основа на кој домашниот или странскиот работодавач склучува договор за вработување со странец, согласно со одредбите од законот.

Работна дозвола се издава за определен временски период до една година или на неопределено време.

На странецот може да му се издаде само една работна дозвола за ист временски период.

Промените се најмногу во делот кој пропишува за начинот на одземање на работната дозвола, со што се пропишува дека работната дозвола на странецот ќе му биде одземена и поништена, ако:

1) дозволата на странецот за привремен или постојан престој престанала согласно со закон;

2) странецот врши друга работа, освен онаа за која работната дозвола е издадена.

Одредбите од член 4 не се применуваат за странци кои во периодот на важноста на дозволата за престој, бидат работно ангажирани, кај ист работодавач на друго работно место на иста или повисока работна позиција од претходната.

За издавање на работна дозвола на соодветен образец се поднесува барање во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија или во нејзините надлежени подрачни служби.

Ако работодавачот заради некоја причина не успее да го заснова работниот однос во рокот или го прекине работниот однос со странецот, пред истекот на важноста на работната дозвола, **должен е во рок од 30 дена** од престанокот на вршење на дејноста односно од незаснивањето на работниот однос, да ја врати работната дозвола на органот кој ја издал дозволата.

Самовработените лица, кои престанале да ја вршат дејноста пред истекот на важноста на работната дозвола, должни се истата да ја вратат **во рок од 30 дена** од престанокот на вршење на дејноста.

Агенцијата за вработување донесува решение за издавање на работните дозволи и продолжување на работните дозволи утврдени со законот.

Решението се донесува **во рок од пет работни дена** од денот на поднесувањето на барањето со потребната документација.

Против решението на Агенцијата за вработување, како првостепен орган со кое се одбива барањето на странецот за работна дозвола, странецот има право на **жалба** во рок од **осум дена** од денот на приемот на решението до министерството за труд и социјална политика.

Во случај кога ќе се утврди дека постојат условите за одземање на работната дозвола, Агенцијата за вработување донесува решение за одземање на работната дозвола во рок од три дена од денот на дознавањето за постоење на условите.

Против решението на Агенцијата за вработување, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Министерството за труд и социјална политика.

### *3. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РАБОТНА ДОЗВОЛА*

Барање може да поднесе странец кој го има регулирано престојот во државата по друг основ, во Агенцијата за вработување или во други простории, определени од Агенцијата за вработување.

Барањето од содржи податоци за странецот, неговата квалификациона структура (специјалноста на работникот) и податоци за кој вид на работа сака да се ангажира.

За барање поднесено до Агенцијата за вработување не е потребно да се обезбеди мислење од Министерството за внатрешни работи, доколку странецот претходно го има регулирано својот престој во Република Македонија по друг основ.

### *4. РАБОТНА ДОЗВОЛА*

Работна дозвола која се издава за определен временски период до една година е обновлив или постојан облик на работна дозвола, која во текот на својата важност му овозможува на странецот слободен пристап до пазарот на трудот.

Барање за добивање на работна дозвола, може да се поднесе од страна на странец, кој ги исполнува условите утврдени во законот и од страна на азилант.

**Работна дозвола се издава на:**

1) член на потесното семејството на државјани на Република Македонија, кој поседува важечка дозвола за привремен престој заради работа;

2) член на потесното семејството на странец, кој поседува работна дозвола за неодреден временски период;

3) странец кој по потекло е од Република Македонија или негов наследник до трето колено, кој нема македонско државјанство;

4) странец кој престојува во Република Македонија врз основ на дозвола за привремен престој заради работа, за семејно обединување;

5) странец барател на правото на азил на кој барањето за признавање на правото на азил не му е решено во период од една година, по истекот на периодот од една година (дозволата за работа се издава на три месеци со можност за продолжување);

6) странец со признат статус на бегалец;

7) странец под супсидијарна заштита и

8) странец под привремена заштита.

Работна дозвола се издава на жртви на трговија со луѓе кои имаат стекнато дозвола за привремен престој заради работа поради хуманитарни причини за временскиот период на валидноста на дозволата за привремен престој.

Доколку на странците им престане работниот однос не по нивна вина, можат да се заведат во евиденцијата на невработени лица во Агенцијата за вработување.

**Членови на потесно семејство на државјанин на Република Македонија согласно со законот се:**

1) брачен другар;

2) деца на возраст до 18 години кои не се во брак;

3) деца на брачниот другар на возраст до 18 година кои не се во брак;

4) деца над 18 години кои не се во брак и нивните родители кои државјанин на Република Македонија е должен да ги издржува согласно со законот на државата чиј жител е;

5) деца над 18 години кои не се во брак и родители на брачниот другар кои брачен другар на државјанин на Република Македонија е должен да ги издржува, согласно со законот на државата чиј државјанин е и

6) родители на државјани на Република Македонија до 18 годишна возраст.

Членови на потесно семејство на странецот ќе се сметаат:

1) брачен другар;

2) малолетни деца на возраст до 18 години на странецот кои не се во брак;

3) малолетни деца на возраст до 18 години на брачниот другар кои не се во брак;

4) родители на малолетен странец и

5) возрасни деца кои не се во брак и родители на странецот или брачен другар кои странецот или брачниот другар е одговорен да ги издржува, согласно со законот на државата чиј државјанин е.

Барање за работна дозвола со важност за неодредено време може да се поднесе од страна на странец кој поседува дозвола за постојан престој во Република Македонија и лице со признат статус на бегалец.

Лицата кои имаат обврска да го регистрираат почетокот и престанокот на работата вршена од странци се работодавачите кои засноваат работен однос со странецот.

**Работната дозвола ќе престане да важи:**

1) со истекот на рокот на важноста на работната дозвола;

2) со престанување на важноста на дозволата за престој;

3) ако странецот се откаже од својата работна дозвола;

4) ако странецот се стекне со државјанство на Република Македонија;

5) во случај на смрт на странецот.

### *5. КРАТКОТРАЈНИ УСЛУГИ КОИ СЕ ДАВААТ ОД СТРАНЦИ*

Со новите измени направени се промени и во делот на краткотрајните услуги кои се даваат од странците. Во тој дел е пропишано во кои случаи не е потребна дозвола за работа на странецот и тоа:

1) кога услугите кои ги даваат странските работници кои се поврзани со набавка на стока и склопување на машини, средства и опрема, кога давателот на услуги дава воведни инструкции на персоналот на клиентот и кога услугите се придружени со демонтажа на машините, средствата и опремата;

2) кога за тоа е потребно давање на редовни услуги за одржување, доколку овие услуги се договорени со договорот за купување на машините, средствата или опремата и доколку тие се даваат од страна на работници, вработени кај производителот или од овластен правен субјект од страна на производителот;

3) кога врз основа на договорот за набавка на машини, средства или опрема од странство, добавувачот е во обврска на свој сопствен трошок да ги утврди дефектите во машините, средствата или опремата која е набавена и

4) кога врз основа на соодветен акт за сервисирање и одржување на машини, средства или опрема, сервисерот има обврска на свој сопствен трошок да ги утврди и санира дефектите на машините, средствата или опремата која е предмет на договорот;

5) кога врз основа на соодветен акт за обука на работно место, странското правно лице е должно да изврши обука на одреден број работници кај правното лице во РСМ;

6) кога врз основа на соодветен акт за реализација на краткотрајни услуги обезбедени од страна на странци, за кои услуги правното лице во РСМ, претходно има искажано потреба за работна сила до Агенцијата за вработување, и за истата има добиено писмен одговор не постар од шест месеци дека потребната работна сила не може да се обезбеди од домашниот пазар на труд.

Лицето кое е одговорно за регистрација на почетокот на работата на странецот, треба да биде локален клиент за кого странскиот работодавач и неговите работници или странецот како физичко лице даваат услуги.

Услугите можат да се даваат неколку пати во текот на годината врз основа на образец за регистрација на работата, но најмногу до 60 дена во една календарска година.

## *6. РЕГИСТРАЦИЈА НА ПОЧЕТОКОТ И ЗАВРШУВАЊЕТО НА РАБОТАТА КОЈА ЈА ИЗВРШУВААТ СТРАНЦИ*

Најголемата промени се пропишани во членот 16 од законот, каде се објаснува постапката за регистрација на почетокот и завршувањето на работата која ја извршуваат странците.

Регистрацијата на работата која ја извршуваат странци е задолжителен услов кој важи за сите странци кои врз основа на одредбите на законот се вработени или работат во РСМ.

Лицата кои согласно со законот се одговорни за регистрирање на работата која ја извршуваат странци, задолжително треба да го регистрираат почетокот и завршувањето на работата која ја извршуваат странците.

Лицето кое е одговорно за пријавувањето на почетокот на работата на странецот, пријавувањето може да го изврши покрај во Агенцијата за вработување и во надлежната подрачна служба на Агенцијата за вработување, која претходно ја има издадено работната дозвола или мислењето и на чие подрачје ќе се извршуваат работите.

### *7. ПРИЈАВУВАЊЕ НА СТРАНЦИ ВО АВРМ*

Постапката за пријавување на работата на странец со кој се заснова работен однос, може да се изврши електронски, доколку работодавачот поседува дигитален сертификат.

Пријавување на почетокот на работа на странци, во случаи на засновање на работен однос, на кои им била издадена работна дозвола или дадено позитивно мислење, се врши со електронски образец М1/М2 отпечатен од системот на Агенција-та за вработување и образец за пријавување на работа на странец.

**Лица се должни да извршат пријавување**:

1. во рок од еден ден од почетокот на работата, во случаи на засновање на работен однос;
2. еден ден пред почетокот на извршување на работата, доколку не станува збор за засновање на работен однос со странец;
3. во рок од три дена по пристигнувањето на странецот во земјата.

Доколку одговорното лице, во рок од 90 дена од денот на издавањето на работната дозвола односно позитивното мислење за исполнетост на условите за издавање на дозвола за привремен престој на странец заради работа, не го пријави почетокот на работата на странецот, се смета дека со странецот не е заснован работен однос или склучен договор за работа, за што Агенцијата за вработување го известува Министерството за внатрешни работи.

Агенцијата за вработување на лицето кое е одговорно за регистрирање на работата на странци, му издава образец во пропишана форма.

Лицето кое е одговорно за регистрирање задолжително треба да го чува образецот во текот на целиот период на вршење на работата во главното место на дејноста и во случај на теренска работа на градилиштето каде што работи странецот. Кога регистрирање на работата се заснова на работна дозвола, лицето кое е одговорно да го чува образецот за ист период за кој е одговорен да ги чува и другите пропишани документи.

Лицето кое е одговорно за регистрирање на работата која ја извршуваат странците е должно да го даде на увид образецот за регистрирање на работата по барање на надзорен орган.

Доколку лицето не го изврши тоа ќе се смета дека истото не поседува таков образец.

Во случај да се изгуби образецот за пријава на работата, Агенцијата за вработување ќе му издаде на лицето одговорно за регистрирање дупликат на истиот.

Лицето кое е одговорно за регистрирање на работата на странец, е должно да го регистрира завршувањето на работата во рок од 30 дена од настанувањето на основот за престанок на работата и да го пријави престанокот на работата на странецот кај истата служба на Агенцијата за вработување, кај која било извршено пријавувањето.

Одговорното лице врши одјава на работата на странецот на истиот образец, на кој било извршено пријавувањето на работата на странецот.

Одговорното лице е должно да изврши одјава на работата на странецот најдоцна во рок од три дена по престанокот на работата на странецот. На одговорното лице, Агенцијата за вработување му издава потврда за одјава на работата на странецот.

Министерот надлежен за работите од областа на трудот го пропишува начинот за регистрирање и завршување на работата која ја вршат странците, доказите кои се приложуваат кон барањето, како и размената на податоци од посебни регистрации меѓу посебни органи и услуги.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.економист: Марика Лекоска

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 2023 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2023 година (за даноци и придонеси)* | *49.397,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата, исплатена во РМ за 2023 година, за образец (МПИН)* | *24.699,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси за 2023 година (16 просечни бруто плати – (16 x 49.397)* | *790.352,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2023 година* | *9.038,00* |
| *Дневница за службени патувања од 20.10.2023* | *2.912,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2022 година* | *31.859,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2022 година* | *47.637,00* |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2023 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за *2023* година, изнесува:

| |
|---|
| ***43.509,00 денари.*** |

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2023 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *2.1. Најниска основица за вработени лица*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08...171/17; 35/18; 247/18, 251/22), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2023* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***24.699,00 денари (49.397,00 x 50%).*** |

### *2.2. Најниска основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)*** <br> ***24.699,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност** (*адвокати, нотари, извршители)* <br> ***49.397,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:*** <br> ***24.699,00 денари.*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *3.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2023 година***, изнесува:

| |
|---|
| ***790.352,00 денари (16 x 49.397,00 денари).*** |

***3.2. Највисока основица за самовработени лица***

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

***592.764,00 денари (12 x 49.397,00 денари).***

***3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво***

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата ***на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво,*** односно ***управител во трговско друштво***, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2023 година**, изнесува.

***790.352,00 денари (16 x 49.397,00 денари.***

***3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност***

